Скопје, 2025 година

Наташа Петковска

# Извештај за обезбедена бесплатна правна помош на жртви на родово базирано и семејно насилство



Авторка: Наташа Петковска

Лектура и превод на англиски јазик: Роберт Раман

Графичко уредување: Агнеса Сарачини

Овој производ е подготвен во рамки на проектот "Превенција и заштита од родово базирано насилство во Северна Македонија - Фаза II" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

Оваа публикација е подготвена со поддршка на УНФПА, Фондот за население на Обединетите нации. Ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите и не ги претставуваат секогаш ставовите на УНФПА, Обединетите нации или која било поврзана организација.

# СОДРЖИНА

**4**
ВОВЕД

**7**
Методологија на извештајот

**8**
Бесплатна правна и параправна помош на жртви на родово базирано и семејно насилство

**15**
Студија на случај

**15**
Постапување на институциите во предмет поврзан со семејно насилство и заштита на малолетно дете

**16** Хронологија на настаните
**18** Клучни прашања што ги наметнува овој случај
**19** Заклучни согледувања и одговори на прашањата

**20**
Мониторинг на судски рочишта

**22**
Форуми со жени во различни региони надвор од Скопје

**24**
Заклучок

# ВОВЕД

Хелсиншкиот комитет за човекови права е здружение на граѓани регистрирано во 1994 година. Комитетот врши мониторинг на состојбата со човековите права, обезбедува правна помош, соработува со други организации и со државните органи во насока на зголемување на промоцијата, почитувањето и заштитата на човековите права и слободи. Цел на Хелсиншкиот комитет е заштита и унапредување на човековите права и слободи гарантирани со Уставот на Северна Македонија[1], меѓународните инструменти и Завршниот документ од Хелсинки[2] од 1975 година и градење на демократски услови во кои тие можат да се практикуваат врз основа на владеење на правото. Комитетот поаѓа од тоа дека сите луѓе треба да имаат можност да ги уживаат и практикуваат нивните основни права и слободи и да имаат можност да ги заштитат во случај на нивно прекршување или ограничување. Ова претставува основа на владеењето на правото, човековите права и демократијата.

Во настојувањето за унапредување и заштита на човековите права и хармонизирање на домашното законодавство и практика со она на Европската унија, Хелсиншкиот комитет организира системско набљудување на состојбите со човековите права во земјата; обезбедува бесплатна правна помош и ги штити индивидуалните, колективните и правата на другите правни субјекти на територијата на Република Северна Македонија и пред меѓународни организации; подготвува месечни, годишни и посебни извештаи за состојбата со човековите права; подготвува анализи и други стручни документи поврзани со состојбите со човековите права; организира конференции, семинари, трибини, јавни акции и други законски форми на граѓанска активност; го промовира и помага развојот на

[1] Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија. Собрание на Република Македонија. (17.11.1991).
[2] Завршен документ од Хелсинки. Конференција за безбедност и соработка во Европа. (30.07-01.08.1975)

демократијата, владеењето на правото и граѓанското општество, и врши други работи од јавен интерес согласно Законот за здруженија на граѓани.[3]

Веќе 30 години Хелсиншкиот комитет е една од најпрепознатливите организации за заштита на човековите права во Северна Македонија, која дејствува во низа области што директно ги засегнуваат човековите права, а нашиот сервис за бесплатна правна помош секојдневно функционира од 2016 година. Нашите досегашни активности резултираа со значајни постигнувања. Преку овој сервис, од неговото воспоставување, обезбедивме бесплатна правна помош на над 5000 баратели на правна помош од сите социјални категории. Постојано обезбедуваме правна помош за граѓаните од областа на работните односи, социјалната и здравствена заштита, заштитата на деца, семејното и родово базирано насилство, пензиското и инвалидско осигурување, имотноправните односи, кривичноправните и други области поврзани со нашата мисија за заштита на човековите права. Редовно го следиме говорот на омраза и делата од омраза, како и случаите на дискриминација и нееднаков третман.

Веќе 30 години Хелсиншкиот комитет е една од најпрепознатливите организации за заштита на човековите права во Северна Македонија, секогаш во првите борбени редови. Една од најзначајните области во кои дејствуваме е ***обезбедувањето бесплатна правна помош за жртви на родово базирано и семејно насилство***. За многу жени и девојки, нашите услуги се првиот чекор кон нивна безбедност, заштита и зајакнување.

**ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ НА ЖРТВИТЕ ИМ ОВОЗМОЖУВА**

- правно советување и застапување,
- придружување пред институциите и комуникација со надлежните органи,
- практични совети и насоки за справување со предизвиците кои ги срекаваат во судските и административните процеси.

Покрај тоа, Хелсиншкиот комитет истовремено се залага за подигнување на јавната свест, застапување за законски промени и едукација на јавноста со цел создавање општество без насилство и дискриминација. Пристапот на Комитет е повеќеслоен – одговараме на итните потреби на жртвите, но истовремено

[3] Закон за здруженија и фондации. Собрание на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 239/22).

работиме на создавање системски промени за поправедно и рамноправно општество.

Извештајот е дел од проектот на "Превенција и заштита од родово базирано насилство во Северна Македонија - Фаза II", имплементиран од Фондот за население на Обединетите нации УНФПА и поддржан од Британската амбасада. Проектот има за цел да ги зголеми напорите на државните институции и организациите на граѓанското општество за ефикасно спроведување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство на национално и локално ниво. Со поддршка на сеопфатни услуги за родово базирано насилство, проектот ќе придонесе мерките за превенција и заштита да бидат достапни низ целата земја.

Во јули 2024 година Хелсиншкиот комитет започна со спроведување на проектот „*Поддршка на НВО за обезбедување правна помош на жртви на РБН и одржливи сервиси за мобилизирање локална поддршка*" поддржан од страна на Фондот за население на Обединетите нации. Главната цел на соработката е да се поддржи граѓанската организација да има одржливост и да обезбеди долгорочни услуги за преживеаните и жртвите на родово базирано насилство. Секој придонес што го добива Комитетот, го вложува директно кон сервисот за бесплатна правна помош, осигурувајќи дека дадената поддршка има опипливо и трајно влијание. Одржливото финансирање е од клучно значење не само за одговор на непосредните потреби, туку и за изградба на систем и сервис на бесплатна правна помош кој непречено и целисходно ќе ги штити правата и достоинството на граѓаните.

Оттаму, овој извештај ги претставува податоците за обезбедената правна и параправна помош на жртви на родово базирано и семејно насилство, како и мониторингот на судски случаи поврзани со родово базирано и семејно насилство, во периодот од јули 2024 година до март 2025 година. Дополнително, накратко ќе бидат презентирани заклучоците од форумите со жени во сите региони на државата надвор од Скопје.

# Методологија на извештајот

Овој извештај се заснова на квалитативна анализа на податоци поврзани со правната и параправната помош што им е обезбедена на жртви на родово базирано и семејно насилство, како и на мониторингот на судски случаи од оваа област во периодот од јули 2024 до март 2025 година.

Податоците се собрани од различни извори и преку неколку методи:

1. **Анализа на документи** – прегледани се домашните и меѓународните закони, истражувања, извештаи и публикации од релевантни организации, како и одговори на барања за пристап до информации од јавен карактер.

2. **Студија на случај** – анализирани се конкретни примери од обезбедена правна помош, со фокус на тоа како институциите реагираат и каде се забележани пропусти.

3. **Мониторинг на судски случаи** – следени се предмети поврзани со родово базирано и семејно насилство за да се оцени како функционира системот, колку е ефикасна судската заштита на жртвите и со какви предизвици се соочуваат во судските постапки.

4. **Форуми со жени во различни региони надвор од Скопје** – собрани се искуства и ставови од жени од различни заедници за да се добие појасна слика за проблемите со кои се соочуваат и што им недостига за подобра заштита.

Преку оваа анализа се идентификуваат системските слабости во институционалното постапување и се даваат препораки за подобрување на пристапот до правда и поддршка на жртвите.

# Бесплатна правна и параправна помош на жртви на родово базирано и семејно насилство

Обезбедувањето бесплатна правна помош на ранливите и маргинализираните групи, како и на граѓаните во социјален ризик, претставува основна мисија на Хелсиншкиот комитет за човекови права. Во 2009 година беше донесен првиот Закон за бесплатна правна помош, со цел хармонизација на нашето законодавство со Европската унија и заштита на нејзините основни вредности. Сепак, системот за обезбедување бесплатна правна помош се соочи со сериозни недостатоци и слабости, па поради тоа во 2019 година беше усвоен нов Закон за бесплатна правна помош (ЗБПП)[4], кој стапи на сила во октомври истата година. Овој подобрен закон вклучува поширок опсег на граѓани што ги исполнуваат условите за добивање бесплатна правна помош. Хелсиншкиот комитет систематски го мониторира процесот на имплементација на новиот закон и функционирањето на системот за бесплатна правна помош. Од своето основање во 1994 година, Комитетот се залага за правно зајакнување и поддршка на граѓаните, а од 2016 година е регистриран како овластено здружение за обезбедување примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.

Податоците во едно истражување[5] од 2023 година покажуваат дека значителен дел од граѓаните не се запознаени дека постои Законот за бесплатна правна помош и правата што може да ги обезбеди. Конкретно, 65,6 % од испитаниците не знаат за овој закон, додека 21,5 % имаат некои информации, но не ги познаваат деталите, а само 10% од нив се запознаени со условите и постапката за добивање правна помош. Овие податоци укажуваат на потребата од зголемување на напорите за промоција на овие услуги и зајакнување на свесноста кај граѓаните. Сепак, за да се зголеми ефективноста на кампањите за подигнување на свеста, важно е да се земат предвид различни социодемографски групи. Исто така, постои разлика во

[4] Закон за бесплатната правна помош. Собрание на Република Северна Македонија. („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 194/24).

[5] Извештај за патиштата до правдата. Совет на Европа. (2023) достапно на: https://rm.coe.int/path-to-justice-mkd-2023/1680ab96f1

свеста за ЗБПП меѓу машките и женските испитаници. Околу 40,29 % од мажите знаат за законските можности што ги нуди ЗБПП, додека само 28,7 % од жените имаат основни информации за истиот закон. Ова значајно несовпаѓање наметнува потреба од вклучување на родовата перспектива во кампањите за подигнување на свеста.[6] Според податоците на Министерството за правда, во 2021 година 3.266 граѓани добиле примарна правна помош, додека 203 граѓани добиле секундарна правна помош. Ова претставува зголемување од 20 % во примарната и 53,7 % во секундарната правна помош во споредба со 2020 година, што укажува на зголемено знаење за услугите и за нивно користење.[7]

Овие податоци ја потенцираат важноста на улогата на Хелсиншкиот комитет и другите организации во обезбедувањето бесплатна правна помош и потребата за понатамошно јакнење на системот за бесплатна правна помош во Северна Македонија.

Што значи ова за жените жртви на родово базирано и семејно насилство? Кога станува збор за правните проблеми поврзани со бракот и партнерствата, податоците од Извештајот за патишта до правдата, покажуваат дека само 2,41% од испитаниците што биле во брак или живееле со партнер пријавиле правни проблеми во период од 2020 до 2023 година. Анализата на пријавени случаи покажува дека најчести се разводите, поделбата на брачниот имот и случаи на насилство од партнер, што и покрај нискиот број, не треба да се занемарува.[8] Иако овој број е релативно низок во споредба со другите видови правни проблеми, истражувачите се на дилема дали тоа укажува дека луѓето не се подготвени да споделат лични информации или дека овие проблеми не се толку чести меѓу општата популација.[9] Кога се зборува за проблемите поврзани со децата, евидентирани се 86 случаи, при што најчести се инцидентите што ја загрозуваат безбедноста на децата, како и случаите со задоцнето плаќање на алиментација и спорови поврзани со старателство.[10]

Семејното и родово базираното насилство се сериозни и чести проблеми во нашето општество, кои често остануваат непријавени и неадекватно обработени од страна на институциите. Ова создава голема опасност од ескалација на насилството во фемицид. За четири години во Македонија имало 19 случаи на фемицид.[11] Статистиката покажува дека повеќе од 80% од случаите на фемицид се случуваат во заедничкиот дом или, пак, во домот на родителите на жртвата, особено кога постоела започната постапка за развод. Во најголем дел од случаите,

---

[6] Ibid.
[7] „3266 граѓани добиле примарна правна помош во 2021 година а 203 секундарна правна помош. Придобивките за граѓаните се големи." Министерство за правда (2022). Достапно на: https://www.pravda.gov.mk/vest/6347
[8] Извештај за патиштата до правдата. Совет на Европа. (2023) достапно на: https://rm.coe.int/path-to-justice-mkd-2023/1680ab96f1
[9] Ibid.
[10] Ibid.
[11] „За четири години – 19 случаи на фемицид во Македонија" DW. (13.09.2023) https://www.dw.com/mk/femicidite-zemaat-zalet-za-cetiri-godini-ubieni-19-zeni-i-devojcina-vo-makedonija/a-66790178

насилството е извршено од страна на сегашен или поранешен партнер.[12] Поради ова, Центрите за социјална работа треба да имаат посебни оддели кои ќе се фокусираат на жртвите на семејно насилство, и тоа не само како последица на неадекватно постапување од институциите, туку и како резултат на средината во која живеат жртвите. Последните достапни податоци од Министерството за внатрешни работи пак, покажуваат дека во 2023 година регистрирало вкупно 1082 извршени кривични дела во врска со семејно насилство, 321 прекршоци во врска со семејно насилство и 5300 поплаки во областа на семејно насилство.[13] Во повеќе од половина од случаите на кривични дела за семејно насилство станува збор за телесни повреди, а на второ место е загрозувањето на сигурноста. Во најголем број, насилници се мажите.

Тоа што пријавите за семејно насилство се регистрираат како поплаки, а не се преземаат соодветни мерки или постапки, укажува на отсуство на ефективна реакција од страна на полицијата, што придонесува кон создавање чувство на безнадежност и ги обесхрабрува жртвите од понатамошно пријавување на насилството. Ова исто така укажува на недостаток на ресурси, обука и координација во постапувањето со вакви случаи.

Со ратификацијата на Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција)[14] во 2018 година, Северна Македонија се обврза на активен пристап во спречување на насилството врз жените и семејното насилство. Конвенцијата го дефинира насилството врз жените како повреда на човековите права и форма на дискриминација, и неговото елиминирање го поставува како клучна цел за постигнување родова еднаквост. Конвенцијата поставува обврски за државите да спроведат ефективни мерки за превенција, заштита на жртвите и гонење на сторителите, и ги обврзува земјите членки да усвојат интегрирани политики кои ќе ги вклучат сите релевантни чинители во општеството.

Република Северна Македонија го усвои новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство,[15] кој започна да се применува на 6 мај 2021 година. Со овој Закон се воведоа нови форми на насилство и принципи за постапување со жртвите, како што се должното внимание, меѓусебната координација на институциите и забраната за виктимизација. Според Законот, секое лице што има сознание за родово базирано насилство или семејно насилство е обврзано да го пријави на полициска станица, центар за социјална работа, јавно обвинителство, здружение или СОС линија. Институциите се должни да постапат и по анонимни пријави, а одговорните лица во институциите, како што

---

[12] Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Северна Македонија 2017-2020 година. Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство. (2021) Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Femicid_14_MK.pdf

[13] Збирна анализа за вкупен криминалитет 2010 – 2023. Министерство за внатрешни работи. (Последно пристапено на 20.03.2025). Достапно на: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/70

[14] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство. Совет на Европа. (2011).

[15] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Собрание на Република Северна Македонија. („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21 и 39/25)

е социјалните работници, полициските службеници, здравствените и образовните работници, мораат да пријават секогаш кога имаат сознание за насилство. Овде се вклучени сите лица што работат во јавните служби, како и оние вработени во приватни правни лица и здруженија. Конвенцијата и Законот на Северна Македонија ги задолжуваат институциите и професионалците да ја пријават секоја сомнителна ситуација на насилство, вклучително и ако не се сигурни дека насилството се случило, но има основи да се стравува дека тоа може да се случи. Ова ја зајакнува одговорноста на секој поединец и институција во борбата против насилството, и ја подобрува заштитата на жртвите.

Истражувањата покажуваат дека жртвите на насилство ретко го пријавуваат насилството, што е сериозен проблем. Додека во Европа стапката на пријавување е околу 14%, во Северна Македонија само 2% од жените го пријавуваат насилството.[16] Ова се должи на недовербата во институциите, неказнувањето на насилниците, стравот и срамот на жртвите, како и на тоа што многу жртви не го препознаваат насилството како такво. Искуствата од работата на Хелсиншкиот комитет за човекови права со жртвите исто така ја посочуваат недоволната и ненавремена реакција на институциите, што ја поткопува довербата на жртвите во процесот на пријавување.

**Во текот на извештајниот период, обезбедена е**

правна помош за родово базирано и семејно насилство на жртва **21**

**362** параправна помош на жени.

5 **Во пет случаи, Хелсиншкиот комитет ангажираше адвокат кој ги застапува жените жртви на семејно насилство во судски постапки.**

Правната помош се обезбедуваше во извршната канцеларија на Хелсиншкиот комитет од страна на правната советничка. Бесплатната правна помош им е достапна на сите физички лица со живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија. Секундарна правна помош, согласно Законот за бесплатна правна помош, можат да добијат жртвите на семејно и родово базирано

[16] Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија - извештај од резултатите. Мисијата на ОБСЕ во Скопје. (2019) достапно на: https://www.osce.org/mk/secretariat/424409

насилство без оглед на нивната материјална состојба.[17] Преку примарната правна помош граѓаните добиваат општи правни информации и совети, помош при пополнување формулари, како и поддршка при комплетирање на барања за секундарна правна помош. Дополнително, Комитетот врши следење на постапките за заштита од семејно и родово базирано насилство, вклучувајќи и поднесување барања за информации до центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, основните јавни обвинителства и судовите, како и иницирање вонредни инспекциски надзори врз центрите за социјална работа преку надлежниот сектор при Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Жртвите на родово базирано и семејно насилство кои се обратија до Хелсиншкиот комитет се соочуваат со широк спектар на правни и реални практични проблеми, кои често вклучуваат сложени и повеќеслојни ситуации. Еден од проблемите со кои се соочуваат жртвите е доделувањето на старателство на татко кој е сторител на насилство, што го става детето во потенцијално опасна ситуација. Дел од жртвите на насилство кои побараа правна помош исто така се соочуваат со сериозни правни пречки, особено поради тоа што обидите за силување, демнење и вознемирување од страна на насилниците не се соодветно казнувани, или кога предлозите за изрекување на заштитни мерки не се прифаќаат од судот. Сето ова ги зголемува чувствата на безнадежност и недоверба во институциите, бидејќи жртвите не ја добиваат соодветната и потребна правна заштита. Многу жртви се изложени на вознемирување и психолошко насилство преку закани за одземање на децата од страна на сторителот, а дополнително загрижува тоа што сторителите ги користат своите деца за да упатуваат закани преку нив до другиот родител. Понатаму, многу од овие жртви се сведоци на физичко насилство пред своите деца, што може да има трајни последици за развојот и благосостојбата на децата, кои како сведоци на насилството и самите често се изложени на насилни ситуации и се жртви на насилство.

Жените нѐ информираа и за ситуации кога сторителот на насилство е во затвор, но за време на ослободувањето за викенди, продолжува да ги вознемирува со закани, со што предизвикува дополнителен стрес и несигурност кај нив. Исто така, има и случаи кога жртвите се принудени да се согласат со зголемување на видувањата со насилниот татко или по развод на бракот, за што одлучуваат центрите за социјална работа без да спроведат соодветна проценка на најдобриот интерес на детето.

Други проблеми кои ги пријавуваат жртвите вклучуваат сексуална уцена (сексторција), каде што сторителот ги манипулира жртвите преку закани за објавување интимни фотографии или информации. Сексуалната уцена претставува сериозен проблем кој е многу тешко да се реши без јасно дефинирани законски мерки. За ефикасно справување со овој вид на злосторство, потребно е да се регулира како кривично дело во Кривичниот законик,

[17] Закон за бесплатната правна помош

што ќе обезбеди прецизни правни основи и ќе го олесни постапувањето на надлежните органи. Дополнително, препознавањето на сексуалната уцена како родова корупција ќе овозможи примена на родово сензитивни механизми за известување и ќе придонесе за поголема заштита на жртвите, а истовремено ќе го олесни процесот на кривично гонење.[18]

Параправната помош опфаќа поддршка која не е строго правна, но им помага на жртвите на насилство полесно да пристапат до правда. Таа вклучува давање информации за правата и достапните правни механизми, помош при пополнување документи како пријави и жалби, како и упатување во надлежни институции и организации што можат да помогнат. Покрај тоа, често вклучува и психосоцијална поддршка, бидејќи жртвите не секогаш имаат капацитет сами да се справат со сложените правни процедури. Во многу случаи, жените кои се соочуваат со насилство најпрво се обраќаат на луѓе од својата заедница во кои имаат доверба и кои знаат дека можат да им помогнат. Токму затоа, организациите и активистите кои работат на терен се првата линија на поддршка, бидејќи жртвите ги препознаваат како сигурен извор на информации и помош. Поради тоа, Хелсиншкиот комитет ангажираше седум параправнички (по една во секој град од седумте плански региони во државата), со цел да им овозможат на жртвите полесен пристап до заштита и правда.

Во текот на извештајниот период беа евидентирани вкупно 362 случаи на параправна помош поврзани со семејно и родово базирано насилство, правни проблеми и нарушени семејни односи, обезбедена од параправничките на Хелсиншкиот комитет за човекови права во седумте региони на државата. Неколку жени биле жртви на физичко и психолошко насилство од нивните партнери, при што некои од нив останале без финансиски средства и поддршка, принудени да бараат правна и социјална помош. Во еден случај, жртва на насилство била изложена на притисоци од поранешниот сопруг и неговата партнерка, кои се обидувале да ја одвратат од правни постапки. Имало и ситуации каде што жени побарале развод поради насилство или семејни притисоци, како и случаи каде што едниот родител одбивал да даде согласност за патување на малолетно дете.

Овие примери ја одразуваат широката и комплексна природа на проблемите со кои се соочуваат жртвите на семејно насилство, и ја истакнуваат потребата од соодветна правна помош, поддршка во заедницата и интервенција од страна на институциите за да се обезбеди сигурност и праведност за жртвите. Граѓанскиот сектор, иако игра клучна улога во обезбедувањето на она што државата не може да го обезбеди, се соочува со недостаток на поддршка од страна на државните институции, вклучувајќи го и секторот за образование, кој треба да игра клучна улога во подигнувањето на свеста за родовата еднаквост. Правната помош на жртвите на родово базирано и семејно насилство е од исклучителна важност во оваа борба. Граѓанскиот сектор треба да продолжи да игра важна улога во обезбедување на

[18] Законско регулирање на сексуалната уцена во националното законодавство. Александар Маркоски. (2022). Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/09/dokument-za-javni-politiki_mk-1.pdf

правна помош и поддршка за жртвите, но со целосна поддршка од институциите, како што се Министерството за внатрешни работи, Основното јавно обвинителство и Центрите за социјална работа, може да се постигне вистинска системска промена и да се обезбеди ефективна заштита за сите жртви на насилство.

# Студија на случај

## Постапување на институциите во предмет поврзан со семејно насилство и заштита на малолетно дете

Овој случај се однесува на семејно насилство и на заштита на правата на малолетно дете, кое, покрај неговата мајка, е жртва на насилство од страна на таткото. Детето, кое имало само 11 години, било изложено на психичко и физичко насилство. Таткото физички го удрил и вербално го напаѓал своето дете, што од правосудните институции било карактеризирано како „воспитен метод“. Според стручно-методолошката работа на социјалните служби, детето е изложено на континуирано стресно и небезбедно семејно опкружување. Поради тоа, потребата од брзо и ефикасно постапување на институциите за заштита на правата на детето станува клучна. Бракот на родителите бил разведен со Пресуда во 2023 година со која малолетното дете е доверено на чување, воспитување и издржување кај мајката со право на видување на таткото.

Истовремено, и мајката на детето која и самата е жртва на семејното насилство, активно бара правна заштита и мерки кои ќе обезбедат безбедност за неа и за нејзиното дете. Дополнителен загрижувачки елемент на овој случај е тоа што на детето му е воведена мерка за забрана за излез од државата. Оваа мерка ја воведува Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност, и таа е донесена по барање на Центарот за социјална работа, со цел да се спречи потенцијално отсуство на детето од земјата. Ваквата мерка кон малолетното дете ги наметнува прашањата за ограничување на неговото право на слободно движење, кое е основно човеково право согласно нашиот Устав.[19] Оваа мерка дополнително влијае на остварувањето и уживањето на правата на детето за безбедно и стабилно опкружување, за негов правилен раст и развој. Дете, како жртва на насилство, има право на целосна заштита и поддршка од државата и од

[19] Член 27 од Уставот на Република Северна Македонија

центрите за социјална работа, со цел да се обезбеди неговата физичка и психолошка благосостојба, согласно домашните и меѓународните стандарди.

Овој случај ги разгледува институционалните постапки во однос на семејното насилство и заштита на правата на малолетно дете, вклучувајќи одлуки на различни надлежни органи и жалбени постапки кои откриваат значајни пропусти во институционалниот пристап и третирање на насилството. Постапката ги опфаќа дејствијата на Центарот за социјална работа, Основното јавно обвинителство, Вишото јавно обвинителство, Министерството за внатрешни работи, како и одлуките поврзани со заштита на малолетното лице, со акцент на правата на детето и правилната примена на законите во овој случај.

## Хронологија на настаните

март 2024

### *Кривична пријава за семејно насилство врз малолетното дете*

Во март 2024 година мајката поднела кривична пријава до Основното јавно обвинителство Скопје против таткото за сторено семејно насилство врз малолетното дете. Имено, таткото физички го нападнал и вербално го вознемирувал детето додека траела средбата за видување, на начин утврден со Решение од Центарот за социјална работа. Притоа стручниот тим бил на мислење дека е потребно во тој момент малолетното дете да биде заштитено од натамошно физичко и психичко насилство кое го врши таткото. Дополнително, стручниот тим предлага да се изречат привремени мерки за заштита од семејно насилство против таткото врз детето. Дополнително, малолетното дете, заедно со неговиот законски застапник – мајката, се јавило на лекарски преглед, притоа вешто лице во лекарскиот извештај поставило дијагноза за телесна повреда настаната после набиена повреда во пределот на главата. До Основното јавно обвинителство бил доставен и Наод и мислење од стручен тим за корисник на социјални услуги од центарот за социјална работа, каде што е целосно наведена стручно-методолошката работа со малолетното дете, кое го раскажало случајот каде што бил нападнат од татко му.

ОЈО Скопје оваа кривична пријава ја отфрлило во септември 2024 година, поради тоа што пријавеното дело не било кривично дело кое се гони по службена должност. Образложението на обвинителството е дека станува збор за *различни воспитни стилови и очекувања кај двајцата родители*. Дополнува наведува дека станува збор за *воспитни и семејни модели на функционирање кај родителите, кои имаат различни убедувања за начинот на вршење на родителските улоги и обврски, како и неусогласеност во делот на одгледување и воспитување на детето како последица на различни особини на личноста, различни системи на вредности кои ги стекнале во нивните примарни семејства*. За ОЈО Скопје *реакцијата на сторителот била*

*сторена од лутина кон детето, односно кон мајката, како воспитен метод согласно вредносниот систем, воспитен и семеен модел на функционирање кој го прифатил и применил таткото како убедување за начин на вршење на родителското право стекнат од своето семејство од дете.*

Во ноември 2024 година, Вишото јавно обвинителство во Скопје ја уважува жалбата на законскиот застапник на детето и го задолжува Основното јавно обвинителство да ја продолжи постапката. Овој чекор е значаен бидејќи укажува на сериозни пропусти во првичната истрага, како што се селективно толкување на доказите. Во образложението, Вишото обвинителство констатира дека не е доволно разгледано дали пријавениот извршил психичко и физичко насилство, што е во спротивност со Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, кој бара целосно истражување на сите форми на насилство во семејствата, со должно внимание. Дополнително, Вишото обвинителство го оспорува ставот на Основното јавно обвинителство дека туркањето и ударот по главата на детето биле воспитен метод, нагласувајќи дека ваквата квалификација не е оправдана и дека такви дејствија претставуваат сериозен напад на личните права на детето.

## *Мерка забрана за излез од државата на малолетното дете*

Во октомври 2024 година, по барање на Центарот за социјална работа а, по претходно писмено барање на таткото, Министерството за внатрешни работи го воведува малолетното дете на националната стоп листа со мерка за забрана за излез од државата. Оваа одлука е спорна, бидејќи е донесена без да биде консултирана мајката на детето и претставува ограничување на правото на слободно движење на детето, како што е загарантирано со член 27 од Уставот на Република Северна Македонија. Ваквата мерка може да биде оправдана само во случај на заштита на детето кога постои ризик по неговата безбедност, но само ако е донесена во најдобар интерес на детето, по темелна проценка и согласно позитивните законски прописи во државата – проценка која не е соодветно направена од страна на институциите.

Поради ваквото постапување на Центарот за социјална работа, побарано е спроведување на инспекциски надзор од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Во јануари 2025 година, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита спроведе вонреден инспекциски надзор врз ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Град Скопје, откако беа утврдени неправилности во постапката за забрана за излез на малолетно дете од државата. Центарот не ја спровел целосната постапка согласно релевантните закони, не

користел интердисциплинарна тимска работа и не донел управен акт во постапката за забрана за излез на малолетното дете од државата, кој ќе содржи правна поука, со што на законскиот застапник на детето му било оневозможено правото на жалба. Како резултат на утврдените неправилности во постапката, на Центарот му е наложено во рок од 30 дена да ја повтори постапката и да ги исправи грешките во постапувањето, а дополнително и да достави извештај за преземените мерки. Законскиот застапник на малолетното дете бил известен од Народниот правобранител дека Центарот повторно донел иста одлука со која се потврдува забраната за излез на малолетното дете од државата.

### *Одлука на Центарот за социјална работа*



Во јануари 2025 година, Центарот за социјална работа на барање на таткото носи ново решение за регулирање на личните односи помеѓу детето и родителот со кого не живее. Жалбата поднесена против ова решение укажува на значајни пропусти во процесот на утврдување на фактите. Според жалбата, Центарот не ја разгледал детално социјалната и економската ситуација на родителот, ниту не ја утврдил прецизно неговата местоположба, односно неговото реално и фактичко место на живеење, што ги нарушува правата на детето и го доведува во прашање интересот на детето како највисок приоритет во постапката. Секоја одлука што се носи во вакви случаи треба да ги унапредува правата на детето и да биде во согласност со принципот на најдобар интерес на детето. По поднесената жалба сè уште се чека одлука од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади. И покрај донесените измени на решението за видување по барање на таткото, сепак тој во неколку наврати не го почитува тоа и не ги остварува видувањата.

### Клучни прашања што ги наметнува овој случај:

1. Како институциите ја процениле сериозноста на насилството врз детето и неговата мајка?
2. Дали при одлуките за родителските права и мерките за заштита биле земени предвид домашните и меѓународните стандарди за најдобар интерес на детето и постапување со должно внимание?
3. Какви пропусти направиле институциите при истрагата на семејното насилство и како тоа влијаело на жртвите?
4. Дали воведената мерка за забрана за излез од државата на детето е во негова корист или претставува дополнително ограничување на неговите права?
5. Како може да се подобри институционалниот одговор за да се осигура заштитата на децата-жртви на семејно насилство?

Овој случај открива значајни институционални пропусти во заштитата на децата жртви на семејно насилство. Иако најдобриот интерес на детето треба да биде основна водилка при носење одлуки на институциите, во овој случај тој принцип не бил соодветно земен предвид. Прво, Основното јавно обвинителство не ја препознало сериозноста на насилството, класифицирајќи го како „воспитен метод“, што претставува сериозно потценување на насилството врз деца и потенцијална поддршка на штетните родителски практики. Вишото обвинителство подоцна ја исправило оваа грешка, но тоа укажува на системска слабост во првичните истраги. Дополнително, Центарот за социјална работа вовело мерка за забрана за излез од државата на детето без почитување на неговите уставно загарантирани права, со неоправдано образложение дека таа мерка ја обезбедува неговата заштита. Несоодветното спроведување на постапката е констатирано и од извршениот инспекциски надзор, но и покрај тоа, одлуката на Центарот останала иста.

Во овој контекст, значајно е да се спомене дека државата има обврска да го заштити детето од сите форми на насилство и да обезбеди правна и институционална поддршка.[20] Случајот покажува дека недоволното разбирање на концептот за најдобар интерес на детето, како и селективната примена на законите, може да доведат до несоодветни и штетни одлуки, кои најмногу негативно се одразуваат на правилниот раст и развој на децата. Потребни се реформи во институционалниот пристап кон семејното насилство и поефикасна примена на механизмите за заштита на децата жртви, со фокус на нивната благосостојба, а не на формалните процедури кои можат дополнително да ги изложат на ризик. Време е институциите да ја преземат одговорноста и да гарантираат дека секоја нивна одлука навистина го штити најдобриот интерес на децата, како што тоа го бараат домашните и меѓународните стандарди.

[20] Рамнотежата помеѓу заедничкото родителство и најдобриот интерес на детето. Наташа Петковска. (2024). Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/zaednicko-roditelstvo-i-najdobar-interes-na-deteto_izvestaj.pdf.

# Мониторинг на судски рочишта

јули 2024 **10** март 2025

**Во периодот од јули 2024 до март 2025 година, Хелсиншкиот комитет мониторираше 10 судски рочишта за кривични дела сторени при вршење семејно насилство.**

Во рамки на мониторингот на судските рочишта, го следевме случајот на 36-годишната В.И. од Кратово, жртва на семејно насилство, откако Основното јавно обвинителство во Куманово покрена постапка против неа. Досегашните информации укажуваат на тоа дека постои основано сомнение дека станува збор за нужна одбрана, а не за убиство со умисла, како што тврди Обвинителството. Според ОЈО Куманово, В.И. била нападната од нејзиниот сопруг, кој физички ја удирал и ја давел. Во обид да се спаси, таа зела кујнски нож и му нанела повреди на сопругот, потоа и на неговиот татко, а од повредите тие починале. Вака поставеното обвинение ги отвора прашањата за тоа како институциите го третираат семејното насилство и дали жените кои се принудени да се бранат добиваат соодветен и правичен третман од правосудниот систем. Овој случај многу наликува на случајот на Пале Илоска[21] од Велес, која по години претрпено насилство беше принудена да се брани и во одбрана да го убие насилникот. И покрај јасната историја на насилство врз неа и долгогодишното пријавување без институционален одговор, Обвинителството ја гонеше за убиство, без да ги земе предвид околностите на нужната одбрана. Сепак, судот правилно ја ослободи од обвинението, признавајќи ја реалноста со која се соочуваат жртвите на семејно

[21] Види повеќе на: https://mhc.org.mk/news/ochekuvame-osloboditelna-presuda-za-pale-iloska-i-odgovornost-od-policajcite-koi-shtitele-kolega-nasilnik/; https://mhc.org.mk/news/obvinenieto-protiv-pale-ilovska-ja-ignorira-istorijata-na-nasilstvo-vrz-nea/; https://sdk.mk/index.php/makedonija/osloboditelna-presuda-za-veleshankata-pavlinka-iloska-za-ubistvoto-na-nevenchaniot-soprug-storeno-e-vo-nuzhna-odbrana/.

насилство. Слично, и во случајот на В.И. треба да се земе предвид долгогодишното насилство кое го трпела и фактот дека институциите не ја заштитиле навреме.

Хелсиншкиот комитет за човекови права во својата работа со жртви на семејно насилство забележа дека ова не е единствен случај каде жртвите на семејно насилство не само што не се заштитени, туку се третирани како сторители. Во одредени случаи, центрите за социјална работа предложуваат, а судовите прифаќаат и изрекуваат мерки за заштита од семејно насилство против жените жртви. Сето ова е показател за системски проблем кој треба итно да се реши. Дополнително, во овој контекст неизбежно се наметнува потребата да се истакне и улогата на медиумите во известувањето за вакви случаи. Етичкото и одговорно известување е клучно за спречување на двојна виктимизација, од една страна и за поттикнување на жртвите да го пријавуваат насилството, од друга. Имајќи предвид дека секоја трета жена искусила некаков вид насилство, односот на институциите, но и на јавноста, кон жртвите треба да ја рефлектира сериозноста на оваа појава. Агресијата и насилството присутни во нашето општество, силно се одразуваат врз жените како жртви на семејно и родово-базирано насилство.

# Форуми со жени во различни региони надвор од Скопје

Во текот на изминатиот период, во секој од осумте плански региони на Македонија беа организирани форуми со жени од заедниците, со цел да се слушнат нивните искуства и да се утврдат клучните предизвици со кои се соочуваат во секојдневниот живот. На овие форуми, жените ги споделија своите искуства и укажаа на бројни системски проблеми кои ја отежнуваат нивната борба за основни права и достоинствен живот. Жените посочија низа проблеми со кои се соочуваат, особено во руралните и помалку развиените области. Еден од најистакнатите проблеми е недостатокот на информации за правата на жените и за услугите што можат да ги користат во случаи на насилство. Многу жени посочија дека не знаат кои институции или организации можат да им помогнат кога се соочуваат со насилство, а понекогаш и не ги препознаваат своите права како жртви на насилство. Дополнително, некои жени потенцираа дека во нивните општини граѓанскиот сектор не е доволно развиен за да понуди соодветна помош и поддршка. Ова е особено проблематично во помалку развиените региони, каде што пристапот до информации и услуги е ограничен.

Загрижувачки информации споделени од учесничките беше дека младите не го препознаваат насилството како проблем. Толеранцијата на насилството во некои заедници значително ја отежнува борбата против родово базираното насилство, бидејќи младите луѓе не се доволно едуцирани за последиците од ваквото насилство. Економското насилство исто така беше идентификувано како честа појава која е недоволно препознаена и уште помалку пријавувана. Жени кои се финансиски зависни од насилниците, често не пријавуваат насилство бидејќи не можат да преживеат доколку останат сами без никаква финансиска поддршка за нив и за нивните деца. Без поддршка од институциите, тие остануваат во насилни односи, што ја влошува нивната социјална и економска состојба. Ова особено се случува во случаите кога жртвите не можат да ја обезбедат својата егзистенција.

Жените од ромските заедници се соочуваат и со дополнителни тешкотии. При обид да пријават насилство, тие често се соочуваат со отпор од институциите,

првенствено од страна на полицијата која одбива да ги регистрира нивните случаи на насилство и ги враќа дома кај насилникот. Ова создава чувство на безнадежност и ја намалува довербата во правниот систем. На форумите беше дополнително истакнато дека институциите не комуницираат меѓу себе и дека ретко имаат добро воспоставена соработка, што резултира со неефикасност во решавањето на проблемите со кои се соочуваат жените. Отсуството на меѓусебна, мултисекторска и широка институционална соработка значи дека жртвите на насилство не добиваат целосна и координирана поддршка од сите релевантни институции, што ја намалува ефикасноста на правниот и социјалниот систем.

Покрај тоа, недостатокот на локални политики за родова еднаквост е проблем кој го зголемува чувството на маргинализација на жените, особено во руралните средини. Поради ова, жените во овие региони се соочуваат со посебни предизвици како што се недостаток на економски можности, несоодветна или никаква инфраструктура, отежнато движење до градовите каде што се централизирани сите институции и ограничен пристап до образование и професионално оспособување. Дополнително беше нагласено дека не се поддржуваат и нивните напори за отворање сопствени бизниси од кои би се издржувале. Овие фактори ја зголемуваат нивната зависност од други членови на семејството и ја влошуваат дотолку повеќе нивната социјална и економска положба.

Заклучните согледувања од форумите ни укажуваат на тоа дека е неопходно да се зајакнат напорите за подобрување на информираноста за правата на жените, за унапредување на институционалната поддршка и за создавање повеќе економски можности за жените низ целата земја. Со ова, ќе се создаде посилен и соодветен систем за заштита и поддршка на жените, што ќе овозможи подобар и посигурен живот за сите жени, без разлика на нивната етничка припадност, место на живеење или која било друга карактеристика.

# Заклучок

Обезбедувањето бесплатна правна помош за жртви на родово базирано и семејно насилство е клучен сегмент во борбата против насилството врз жените, само поради тоа што се жени. Овој извештај ја потврдува итноста од континуирано зајакнување на механизмите за правна заштита и институционална поддршка за жртвите, како и подобрување на имплементацијата на законската рамка во пракса. Главните заклучоци од дадената бесплатна правна и параправна помош, како и мониторингот на судските случаи за родово базирано насилство укажуваат на потребата од системски промени. Институциите често не реагираат со должно внимание на пријавите за насилство, при што многу случаи остануваат нерешени или ненавремено и несоодветно процесуирани. Праксата покажува дека правосудниот систем сè уште не ги третира овие случаи со приоритет и не секогаш обезбедува соодветна правна заштита за жртвите. Ова резултира со ниска доверба во институциите и обесхрабрување на жртвите да го пријават насилството.

Мониторингот на судските рочишта и обезбедената правна помош покажуваат дека има случаи во кои жените кои се бранат од насилниците, се третирани како сторители на кривични дела. Ова ја нагласува потребата од посеопфатен и родово сензитивен пристап во третирањето на родово базираното и семејното насилство. Ваквата ситуација дотолку повеќе ја истакнува важноста на бесплатната правна помош и правното застапување за жртвите во текот на судските процеси. Форумите со жени во различни региони на државата ги извадија на површина големите разлики во пристапот до правна и социјална поддршка, особено во руралните средини. Жените во овие области често немаат информации за своите права и не се запознаени со механизмите за заштита што им стојат на располагање. Дополнително, економската зависност и социјалната стигматизација играат значајна улога во нивната одлука дали ќе пријават насилство или ќе продолжат да живеат во насилни средини.

За подобрување на состојбата, неопходно е да се преземат низа клучни мерки. Потребно е зголемување на капацитетите на институциите за препознавање и справување со родово базирано и семејно насилство, вклучително и задолжителни континуирани обуки за сите засегнати професионалци. Достапноста на бесплатната правна помош треба да биде зголемена, со што условите за добивање правна помош треба да се потавени пошироко и да бидат поповолни за граѓаните. Ова ќе гарантира обезбедување бесплатна правна помош за поголем опфат на граѓани, особено на оние во помалите градови и руралните средини кои што живеат со ниски примања. Потребно е и подобрување на координацијата

помеѓу институциите за поефикасно справување со случаите на насилство. Кампањите за подигнување на јавната свест и едукација за родово базирано насилство треба да бидат и те како присутни и спроведувани и од страна на граѓанските организации и од страна на самите институции, а правните механизми за заштита на жртвите треба да бидат посеопфатни и поефикасни.

Овој извештај потврдува дека, иако постојат значајни чекори напред во заштитата на жртвите на родово базирано и семејно насилство, сепак, има уште многу работа за да се создаде праведен, функционален и одржлив систем за нивна заштита. Потребни се јасни и системски политики, зголемена институционална одговорност и континуирана поддршка за жртвите, со цел да се изгради општество во кое насилството нема да биде толерирано, а правдата ќе биде достапна за сите.



## Користена литература


- → Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија. Собрание на Република Македонија. (17.11.1991)
- → Завршен документ од Хелсинки. Конференција за безбедност и соработка во Европа. (30.07-01.08.1975)
- → Закон за здруженија и фондации. Собрание на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 239/22)
- → Закон за бесплатната правна помош. Собрание на Република Северна Македонија. („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 194/24)
- → Извештај за патиштата до правдата. Совет на Европа. (2023) достапно на: https://rm.coe.int/path-to-justice-mkd-2023/1680ab96f1
- → „3266 граѓани добиле примарна правна помош во 2021 година а 203 секундарна правна помош. Придобивките за граѓаните се големи." Министерство за правда (2022). Достапно на: https://www.pravda.gov.mk/vest/6347
- → Извештај за патиштата до правдата. Совет на Европа. (2023) достапно на: https://rm.coe.int/path-to-justice-mkd-2023/1680ab96f1
- → „За четири години – 19 случаи на фемицид во Македонија" DW. (13.09.2023) https://www.dw.com/mk/femicidite-zemaat-zalet-za-cetiri-godini-ubieni-19-zeni-i-devojcina-vo-makedonija/a-66790178
- → Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Северна Македонија 2017-2020 година. Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство. (2021) Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Femicid_14_MK.pdf
- → Збирна анализа за вкупен криминалитет 2010 – 2023. Министерство за внатрешни работи. (Последно пристапено на 20.03.2025). Достапно на: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/70
- → Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство. Совет на Европа. (2011)
- → Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Собрание на Република Северна Македонија. („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21 и 39/25)
- → Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија - извештај од резултатите. Мисијата на ОБСЕ во Скопје. (2019) достапно на: https://www.osce.org/mk/secretariat/424409
- → Законско регулирање на сексуалната уцена во националното законодавство. Александар Маркоски. (2022). Достапно на:

https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/09/dokument-za-javni-politiki_mk-1.pdf
→ Рамнотежата помеѓу заедничкото родителство и најдобриот интерес на детето. Наташа Петковска. (2024). Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/zaednicko-roditelstvo-i-najdobar-interes-na-deteto_izvestaj.pdf
→ „Очекуваме ослободителна пресуда за Пале Илоска и одговорност од полицајците кои штителе колега – насилник". Хелсиншки комитет за човекови права. (2022). Достапно на: https://mhc.org.mk/news/ochekuvame-osloboditelna-presuda-za-pale-iloska-i-odgovornost-od-policajcite-koi-shtitele-kolega-nasilnik/
→ „Обвинението против Пале Илоска ја игнорира историјата на насилство врз неаХелсиншки комитет за човекови права." (2022). Достапно на: https://mhc.org.mk/news/obvinenieto-protiv-pale-ilovska-ja-ignorira-istorijata-na-nasilstvo-vrz-nea/
→ „ОСЛОБОДИТЕЛНА ПРЕСУДА ЗА ВЕЛЕШАНКАТА ПАВЛИНКА ИЛОСКА ЗА УБИСТВОТО НА НЕВЕНЧАНИОТ СОПРУГ, СТОРЕНО Е ВО НУЖНА ОДБРАНА". СДК.МК. (2022). Достапно на: https://sdk.mk/index.php/makedonija/osloboditelna-presuda-za-veleshankata-pavlinka-iloska-za-ubistvoto-na-nevenchaniot-soprug-storeno-e-vo-nuzhna-odbrana/

**Извештај** за обезбедена бесплатна правна помош на жртви на родово базирано и семејно насилство

Скопје, 2025